**Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" Скопје**
**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-805/24
11-11-2025 20 _ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 166, став 1 и член 173 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/2021) член 4, став 1 и член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018) член 55, точка 8 од Статутот на Фармацевтскиот факултет Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.459/2019) законски спроведената конкурсна постапка за избор и рецензијата објавена во Билтен бр. 1334 од 15 јули 2025 година, Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје на својата XII-та редовна седница одржана на 11.11.2025 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А
### за избор на наставник во наставно-научно звање

1. Д-р Благој Ачевски се избира во наставно-научно звање **доцент** на Фармацевтски факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Д-р Благој Ачевски се избира во звање доцент во наставно-научната област применета хемија и фармацевтски анализи (3.05.02.08).

3. Изборот се смета од 11.11.2025 година кога именуваниот ги стекнува сите права и обврски од работи и работни задачи на доцент на Фармацевтски факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

4. Д-р Благој Ачевски, доцент на Фармацевтски факултет Скопје согласно одредбите од Законот за високото образование се избира за време од 5 години.

5.Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

Образложение

Наставно-научниот совет на Фармацевтски факултет во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје постапувајќи во согласност со законските прописи, а врз основа на Извештајот од рецензентската комисија објавена во Билтен на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1334 од 15 јули 2025 година, на редовната седница одржана на 11.11.2025 година донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до :
- секретар
- именуваниот/та
- архива

**Д е к а н**

**Проф. д-р Зоран Стерјев**

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Изготвил: Д.Анческа